Одговор: Предметот УЗ.бр.28/2025 се наоѓа во фаза на претходна постапка и преземени се потребните дејствија, односно побарани се податоци и известувања од Советот на Општина Карпош и од Министерството за транспорт и врски, кои се од интерес за водење на постапката. По завршувањето на претходната постапка, предметот ќе биде ставен на седница на Судот за разгледување и одлучување, чиј што дневен ред ќе биде објавен на официјалната веб-страна на Судот, на линкот: www.ustavensud.mk.

Имајќи предвид дека предметот се наоѓа во претходна постапка, Судот не може да даде податок за судијата-известител по предметот, бидејќи истиот претставува податок од таен карактер. Имено, тоа произлегува од улогата која ја имаат судиите известители по работата на предметите и следствено на тоа е неможноста да се даде на јавноста податокот кој судија е известител по одреден предмет. Улогата на судијата-известител е да раководи со претходната постапка кога се прибираат податоци потребни за одлучување во предметот кој му е доделен во работа. Во основа тоа е работа од стручно-аналитички карактер, при што известителот има задача да изготви работен материјал со уставна-судска анализа и да предложи соодветна одлука на Судот на седница кога се разгледува тој материјал. Тоа значи дека тој не донесува конечна одлука, туку Судот, а по повод неговиот предлог кој и не мора да биде прифатен. Ова е врз основа на одредбите од Актот на Судот утврдено во член 28 ставови 1 и 2, каде е предвидено дека судијата-известител и стручниот соработник на кој им е доделен предметот во работа ја водат претходната постапка согласно со одредбите на Актот на Судот (став 1) и истите ги собираат податоците и известувањата што се потребни за одлучување во врска со барањето за поведување постапка (став 2).